Република Северна Македонија
ООУ КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ
Бр. 11-358/1
02.06.2026 год.
Радовиш

Врз основа на член 75 од Законот за основно образование (Службен весник за основното образование на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20 како и Правилникот за избор на првенец на генерацијата, пофалена паралелка, наградени ученици, пофалени ученици, пофалени и пофалено одделение, Комисијата за избор и прогласување на ученик – првенец на генерацијата распишува

# КОНКУРС

## за избор на ученик - првенец на генерацијата и спортист на генерацијата

## 2017/2026

- Конкурсот е отворен од 03.06.2026 година до 09.06.2026 година

Комисијата за избор на првенец на генерацијата ги повикува да аплицираат сите заинтересирани ученици од деветто одделение кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- Континуиран одличен успех во текот на школувањето; (се однесува само за првенец на генерацијата)
- Континуирано примерно поведение;
- Освоени награди и учество на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари;
- Учество во воннаставни активности во училиштето, афирмација на училиштето, како и проекти за унапредување на училиштето;
- Да се истакнува во поттикнувањето на позитивна клима во паралелката и училиштето.

Одделенскиот раководител и предметните наставници на сите ученици – апликанти, треба да им дадат насоки за подготвување на потребните документи за аплицирање на конкурсот.

Учениците кои ги исполнуваат горенаведените услови да ги достават следниве документи до училиштето ООУ"Крсте Петков Мисирков" – Радовиш во наведениот рок со назнака "До Комисијата за избор на ученик – првенец на генерацијата и спортист на генерацијата" во затворена папка со назнака за која категорија аплицираат.

Учениците кои ќе аплицираат за првенец на генерацијата и спортист на генерацијата треба да доставаат документи од

- пофалници, благодарници, награди и дипломи од учество на натпревари,
- свидетелства на увид од целото школување,
- потврди од учество на воннаставни активности и проекти,
- потврда од класниот раководител за поведението на ученикот.

Апликациите да бидат уредно пополнети и учениците да контактираат со наставниците ментори под чие водство настапувале на натпреварите и конкурсите. Критеримите за избор на првенец на генерацијата, спортист на генерацијата се објавени на училишната веб страна и се истакнати на огласна табла во училиштето.

В.Д ДИРЕКТОР

Орце Трајанов